РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-2835
_____________ година
СКОПЈЕ

22.01.2019
02-2653/8

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни докторски студии по Математички науки и примена на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиската програма од трет циклус тригодишни докторски студии по Математички науки и примена на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се обрати со барање бр. 21-244/15 од 26.10.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-2835 од 29.10.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни докторски студии по Математички науки и примена на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-80/2 од 16.10.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2835 од 05.11.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 26.11.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-2835 од 29.11.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од од трет циклус тригодишни докторски студии по Математички науки и примена на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti